Финансирано од Европската Унија

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ГРАДЕЊЕ ВЕШТИНИ, КРЕИРАЊЕ ИДНИНА

**Договорен орган:**

**Занаетчиска комора Скопје**

# ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

**Објавен во рамките на проектот:**

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ: ГРАДЕЊЕ НА ВЕШТИНИ, КРЕИРАЊЕ НА ИДНИНА**

**финансиран од Европска унија**

**Буџетска линија 6.1.1 Финансиска поддршка на трети субјекти**

**Број на договор: ИПА III/2024/453-365**

**Реф.број:0302-12/44**

**Краен рок за поднесување на апликации:**

**28.02.2025 год. до 16:00 часот**

**Објавен на 26.12.2024 год. Скопје**

**Содржина**

**1.Финансиска поддршка на граѓански организации** ................................ 3

**1.1 Вовед** ................................ 3

**1.2. Цели и приоритетни области на програмата** ................................ 3

**2. Услови за поднесување на предлог проекти** ................................ 5

**2.1 Критериуми за подобност** ................................ 5

**2.1.1 Подносител на проекти** ................................ 5

**3.Како се поднесуваат предлог проектите?** ................................ 9

**3.1 Обрасци за пријава** ................................ 9

**4.Каде се поднесуваат предлог проектите?** ................................ 10

**4.1 Краен рок за доставување на пријавите** ................................ 10

**5.Дополнителни информации** ................................ 10

**6. Евалуација и избор на предлог проектите** ................................ 10

**7. Известување за одлуката на договорниот орган** ................................ 13

**7.1 Содржина на одлуката** ................................ 13

**7.2 Индикативна временска рамка** ................................ 13

**8. Прилози** ................................ 14

**8.1 ДОКУМЕНТИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ** ................................ 14

## 1.Финансиска поддршка на граѓански организации

### 1.1 Вовед

Во рамките на напорите за унапредување на квалитетот на стручното образование и зајакнување на вештините на учениците од стручните училишта, се објавува повик за доделување грантови на невладини организации. Овој повик е насочен кон поддршка на активности кои ќе им овозможат на учениците да ги подобрат своите стручни вештини, да се подготват за професионалните предизвици и активно да учествуваат на натпревари од различни области на стручното образование.

Целта е да се поттикне соработка помеѓу невладините организации и образовните институции, со акцент на обезбедување иновативни пристапи и практични решенија за подобрување на учењето преку работа и компетитивниот дух кај младите.

Повикот е отворен за сите заинтересирани невладини организации, без разлика на нивото на искуство, при што посебно се охрабруваат помалку искусните организации да аплицираат. Со ова, сакаме да придонесеме за развој на локални капацитети, зголемување на инклузивноста и овозможување на еднакви можности за сите организации кои имаат идеја и волја да дадат свој придонес во унапредувањето на стручното образование.

### 1.2. Цели и приоритетни области на програмата

**Главна цел на овој повик** е да се зајакнат граѓанските организации кои работат во областа на стручното образование преку финансиска и техничка поддршка за активности кои ги поттикнуваат младите да развиваат вештини и компетенции потребни за учество на училишни, регионални и национални натпревари за стручни вештини, со што ќе се унапреди нивната подготвеност за идните професионални предизвици.

**Специфична цел 1** на овој повик да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации за проектен менаџмент со менторска поддршка (управување со проекти, вклучувајќи финансиски и оперативни аспекти; Видливост на акции финансирани од ЕУ; и Приоритетните теми/области насочени од акцијата.)

**Специфична цел 2** е да се зајакнат капацитетите на младите во стручното образование преку обезбедување менторска поддршка за нивно активно учество на натпревари за стручни вештини во следните профили: Техничар за мебел и ентериер; Заварувач; Каросериски механичар; Автомеханичар; Автоелектричар; Монтер на мотори и моторни возила; Електротехничар – енергетичар; Електротехничар за компјутерска техника и автоматика; Техничар за пејзажна хортикултура; Техничар за дизајн на облека; Козметичар; Фризер; Пекар; Слаткар; Техничар за е- трговија и дигитален маркетинг, со посебен акцент на создавање услови за учество на меѓународни натпревари како што е *WorldSkills Europe*[1].

Оваа цел истовремено придонесува кон социо-економскиот развој на младите и ги поддржува реформите поврзани со ЕУ во областа на стручното образование, особено во занаетчискиот сектор.

---

[1] https://worldskillseurope.org/

**Приоритет 1:** Социјално економски развој, креирање на работни места и млади[2]

Соработката на граѓанските организации во младинскиот сектор е од суштинско значење за остварување на принципите за учество на младите во демократскиот живот, како што е утврдено во член 165 од Договорот за функционирање на Европската унија и Стратегијата за млади на Европската унија 2019-2027 година. Младите се клучни актери за промовирање на европските вредности да станат реалност. Соработката на граѓанските организации и младите придонесува да се создаде широко чувство на сопственост во однос на пристапувањето во ЕУ и реформите на политиките релевантни за младите луѓе, особено оние поврзани со социо-економскиот развој и можностите да бидат актери на отворени иновации и решенија за да се има социјална ориентирана економија и просперитет во нивните заедници. Ваквите активности треба да служат за поттикнување одржливи, инклузивни и правични локални економии и да создадат можности за вработување.

Младинската политика на Република Северна Македонија, е врамена со Националната стратегија за млади 2016-2025 година, каде една од деветте тематски области е Младинското учество. Во јануари 2020 година е донесен Законот за младинско учество и младински политики. Во оваа насока, активностите под овој повик треба да ги одразуваат целите и приоритетите од двете стратегии кои промовираат инклузивен социјален ангажман на младите луѓе во локалните заедници врз основа на принципите на ангажирање, поврзување и зајакнување. Конкретно, повикот се фокусира на акции за стимулирање на локалната демократија низ целата земја, преку негување на локално вкоренето граѓанско општество кое ќе работи на зајакнување на младите преку нивниот директен активизам и волонтирање за развој на локалниот економски потенцијал, социјалната вклученост и заштитата на животната средина. Се охрабруваат иновативни пристапи кои промовираат социјално претприемништво, отворање работни места во локалните заедници, ја подобруваат флексибилноста, обезбедуваат социјална инклузивност, промовираат родова еднаквост и поддржуваат специфични потреби на лицата со попреченост и други ранливи/маргинализирани групи во локалното општество

## 2. Финансиски обезбедени средства од договорниот орган

Занаетчиска комора Скопје како договорен орган има обезбедено вкупниот износ што за овој повик за предлози на проекти 72.000,00 евра. Договорниот орган го задржува правото да не ги додели сите расположливи средства.

### Големина на грантови

Секој грант побаран според овој повик за предлози за проекти не смее да надмине над максималниот износ, и не смее да биде под минималниот износ:

• минимален износ: 12.000 евра

• максимален износ: 14.400 евра

[2] https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/prospect-details/178565PROSPECTSEN

**2. Услови за поднесување на предлог проекти**

**2.1 Критериуми за подобност**

Постојат три групи на критериуми за подобност, кои се однесуваат на:

1. Подносител на проект и доколку го има, неговиот партнер граѓанска организација (каде што не е наведено поинаку, главниот апликант и неговиот партнер граѓанска организација во натамошниот текст заеднички се нарекуваат „подносител(и)“);
2. Акции
3. Трошоци

**2.1.1 Подносител на проекти**

Подносителот

1. За да биде подобен за грант, подносителот мора:
   - да биде правно лице ( граѓанска организација);
   - да е регистриран со седиште и основан во Република Северна Македонија;

2. Партнер граѓанска организација

Подносителот доколку го поднесува предлог проектот со партнер граѓанска организација заедно учествуваат во дизајнирањето и спроведувањето на акцијата, а трошоците што ги прават се прифатливи на ист начин како и оние што ги направи подносителот на предлог проектот. Тие заедно се одговорни за подготовката и управувањето со предлог акцијата, а не да делуваат како посредник;

**Подносителот може да аплицира самостојно или во партнерство со една граѓанска организација. Партнерства со повеќе од една организација или пријави од конзорциуми не се дозволени.**

**2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате**

Дефиниција - Една акција се состои од збир на активности.

Времетраење - Времетраењето на предлог акција не смее да биде пократко од 19 месеци ниту подолго од 20 месеци.

Приоритетни теми

Постојат 2 приоритетни теми:

Приоритетна тема 1: Промовирање на иновативни проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на средното стручно образование со поддршка на младите за здобивање на стручни вештини за учество на училишни, регионални и национални натпревари во следните струки/профили: Техничар за мебел и ентериер; Заварувач; Каросериски механичар; Автомеханичар; Автоелектричар; Монтер на мотори и моторни возила; Електротехничар – енергетичар; Електротехничар за компјутерска техника и автоматика; Техничар за пејзажна хортикултура; Техничар за дизајн на облека; Козметичар; Фризер; Пекар; Слаткар; Техничар за е- трговија и дигитален маркетинг.

Приоритетна тема 2: Подобрување на конкурентноста на вештини во занаетчиството со што би се зајакнале капацитетите, знаењата и стручните вештини на младите луѓе во однос на претприемништвото, вработување и самовработувањето.

Предложените активности мора да се однесуваат на најмалку еден од двете приоритетни теми наведени погоре за пријавата да се смета за прифатлива.

**Типови на акции**

Подобни за поддршка се следниве типови на акции:

**Локација** - Акцијата мора да се одвива на територија на Република Северна Македонија.

**Типови на акции**

Подобни за поддршка се следниве типови на предлог акции:

**Во рамките на Приоритетна тема 1**: Промовирање на иновативни проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на средното стручно образование со поддршка на младите за здобивање на стручни вештини за учество на училишни, регионални и национални натпревари ( во следните струки/профили(квалификации): Техничар за мебел и ентериер; Заварувач; Каросериски механичар; Автомеханичар; Автоелектричар; Монтер на мотори и моторни возила; Електротехничар – енергетичар; Електротехничар за компјутерска техника и автоматика; Техничар за пејзажна хортикултура; Техничар за дизај на облека; Козметичар; Фризер; Пекар; Слаткар; Техничар за е- трговија и дигитален маркетинг; )[3] прифатливи се следните:

- Акции за унапредување на стручните вештини на учениците од стручното образование;
- Акции за унапредување на конкурентноста на знаењето и вештините на учениците преку обезбедување поддршка за учење. Креирање на ресурси за учење преку соработка со средните стручни училишта;
- Акции за поддршка на зголемувањето на свеста на учениците за учество на натпревари. Поддршка на ученици со посебни потреби кои сакаат да учествуваат на натпревари на стручни вештини.

**Во рамките на Приоритетна тема 2**: Подобрување на конкурентноста на вештини во занаетчиството со што би се зајакнале капацитетите, знаењата и стручните вештини на младите луѓе во однос на претприемништвото, вработување и самовработувањето, прифатливи се следните:

- Акции за поддршка на младите во учество на проектни задачи за решавање на проблеми во однос на занаетчиските струки.
- Акции поврзани со обуки за младите за промоција на можности за нивно стручно усовршување во однос на занаетчискиот сектор за подобрување на можностите за вработување и самовработување.

[3] Секој апликант во предлог проектот може да аплицира со повеќе струки , а во рамки на една струка со 1-4 профили ( квалификации).

Списокот на типови за предлог акции не е конечен, туку само илустративен, и соодветните предлог акции кои не се спомената погоре, но се во согласност со сите други критериуми за подобност, ќе бидат исто така земени во предвид за поддршка. Една акција може да се однесува на неколку или на комбинација од горенаведените активности со цел да се промовира модернизација и иновативно стекнување на вештини во различни струки на стручното образование.

Следниве типови на предлог акции се неподобни:

- акции кои се однесуваат само или главно на индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции и конгреси;
- акции кои се однесуваат само или главно на индивидуални стипендии за студии или курсеви за обука;
- акции насочени претежно кон добротворни донации;
- акции кои се веќе финансирани од други програми на Европската унија и се започнати пред датумот на потпишување на договорот.
- акции за поддршка на политички партии или кандидати, или избори;
- ретроактивно финансирање за акции кои се веќе во процес на имплементација или се завршени;
- акции исклучиво во корист на поединци или исклучиви ограничени групи на поединци;
- основно финансирање и тековни трошоци на подносителот;
- хуманитарни акции;
- акции кои се ограничени на планирање, (пред)физибилити студии, концепти, набавки или други подготвителни активности без никакво спроведување барем за тест група или пробна работа.

**<u>Типови на активност</u>**

Во рамките на овој повик може да се финансираат индикативни активности од следниов список:

- Активности за реализација на училишни натпревари  на стручни вештини во профилите кои се дадени во приоритетната тема 1;

- Активности за реализација на регионални натпревари на стручни вештини во профилите кои се дадени во приоритетната тема 1;

- Активности за реализација на национални натпревари на стручни вештини во профилите кои се дадени во приоритетната тема 1;

- Активности за развој на работилници со ученици за иновативни и одржливи проектни задачи во занаетчискиот сектор;

- Активности за развој на проекти задачи со ученици за иновативни и одржливи решенија во занаетчискиот сектор;

- Активности за поддршка на учениците на национален натпревар за стручни вештини (развој на индивидуален план за практична обука, поставување на цели и временска рамка, повратни информации и евалуација);

- Активности за поддршка на ученици со посебни потреби во делот на стекнување на стручни вештини и нивно учество на натпревари.

Сите грантисти ќе добијат поддршка за менторство/обука обезбедена од страна на договорниот орган во однос на управување со проекти, вклучувајќи финансиски и оперативни аспекти, видливост на акции финансирани од ЕУ; и приоритетната тема(и)/области(и) насочени од акцијата.

**ЗАБЕЛЕШКА: Списокот со типови на активности не е конечен, и земени предвид за поддршка ќе бидат и илустративните и соодветни активности кои не се споменати погоре.**

**Финансиска поддршка на трети лица**

Подносителите не смеат да предлагаат финансиска поддршка на трети лица.

**Видливост**

Подносителите мораат да ги преземат сите неопходни чекори за да му дадат публицитет на фактот дека Европската унија ја финансирала акцијата.

Договорниот орган ќе им ги обезбеди на избраните грантисти потребните материјали за видливост.

**Број на пријави и грантови по подносител**

Подносителот не смее да поднесе повеќе од 1 пријава во рамките на овој повик за финансиска поддршка.

На подносителот **не може да му се додели повеќе од 1 грант** во рамките на овој повик за финансиска поддршка.

### 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите

Со грант можат да се покријат само „прифатливи трошоци“. Во продолжение се наведени категориите на прифатливи и на неприфатливи трошоци. Буџетот е и проценка на трошоците и општа горна граница за „прифатливи трошоци“.

Надоместокот на прифатливите трошоци може да се заснова на која било или на комбинација од следниве форми:

- реалните трошоци направени од страна на корисникот.

Подносителите на акции треба да достават **реалистичен буџет**.

<u>**Прифатливи директни трошоци**</u>

За да бидат прифатливи во рамките на овој повик за финансиска поддршка, трошоците мора да ги исполнуваат следните критериуми:

- да настанале при спроведувањето на акцијата,
- да се наведени во предвидениот вкупен буџет за акцијата,
- да се неопходни за спроведување на акцијата,
- да можат да бидат утврдени и проверени, и особено да се евидентирани во сметководствената евиденција на корисникот(ците) и одредени според

сметководствените стандарди и вообичаените трошковно сметководствени практики применливи за корисникот.

- да се разумни, оправдани и во согласност со барањата за добро финансиско управување, особено во поглед на економичноста и ефикасноста.

**Неприфатливи трошоци**

Следниве трошоци не се прифатливи:
- долгови и надоместоци за отплата на долгови (камати);
- провизии за загуби или потенцијални идни задолжувања;
- трошоци кои ги пријавил(е) корисникот(ците), а се финансирани од друга акција или работна програма за која се добиваат бесповратни средства од Европската Унија (вклучително и преку ЕДФ);
- купување на земјиште или згради, освен ако е неопходно за директното спроведување на акцијата, и во овој случај сопственоста мора да се пренесе во согласност со член 7.5 од општите услови на стандардниот договор за доделување грант, најдоцна до завршувањето на акцијата;
- загуби поради курсни разлики;
- кредити кон трети лица;
- трошоци за плати на персоналот кој има статус на административен работник;
- глоби, финансиски казни и трошоци за судски спорови;
- амортизација на трошоците;
- царински и увозни давачки и даноци и/или давачки со еднаков ефект;
- данок на додадена вредност (ДДВ), акцизи и други посебни даноци на потрошувачка или кој било друг сличен данок, давачки или такси со еквивалентен ефект;
- давачки за посебна комуникација;
- данок за моторни возила за возила кои не се купени во склоп на проектот;
- посебни давачки што ги применуваат регионалните или локалните власти или посебните тела во контекст на извршување на договорите, кои не се сразмерни со трошоците поврзани со нивното извршување или имаат еднаков учинок, или даноци;
- хонорари за консултанти кои доаѓаат од организацијата корисник за услуги или работи извршени во рамките на проектот;
- наградување од секаков вид за членови на персоналот на кој било од корисниците што се ангажирани како надворешни експерти или хонорарни консултанти.

## 3.Како се поднесуваат предлог проектите?

### 3.1 Обрасци за пријава

Пријавите мора да се поднесат со користење на Образец за пријавување (Прилог 1) и Образец за предлог-буџет (Прилог 2) приложени кон овој Повик за доделување на грантови (Прилог 1 и 2).

**Обрасците на подносителите мора да бидат на македонски јазик.**

Секоја грешка или поголемо отстапување во врска со точките наведени во овој водич/повик или било која поголема недоследност во пријавата, на пр. ако износите во образецот за буџетот се недоследни), може да доведе до отфрлање на пријавата.

Нема да се прифаќаат пријави напишани на рака.

Пополнетите пријави Образец за пријавување (Прилог1) и Образец за предлог-буџет (Прилог2) се доставуваат во еден оргинал и две копии  во еден плик. На пликот треба да стои До Занаетчиска комора Скопје, назнака од повикот за "Јавен повик за доделување грантови на граѓански организации во Република Северна Македонија кои работат во областа на стручното образование".

На десната страна горе на пликот да се стави ознака "Не отворајте пред почетокот на состанокот за отворање на предлози за проекти". Исто така на пликот да се наведат податоците од апликантот.

**4.Каде се поднесуваат предлог проектите?**
Предлог проектите се доставуваат лично во ахривата на Занаетчиска комора Скопје, или адреса ул. Битпазарска број 12, 1000 Скопје. Ненавремено доставените предлог проекти нема да бидат земени во предвид при оценувањето и ќе бидатот отфрлени.

**4.1 Краен рок за доставување на пријавите**

**Крајниот рок за доставување и примање на пријавите е** 28 Февруари 2025 година**, 16.00 часот (по локално време).**

**5.Дополнителни информации**
За овој повик за финансиска поддршка ќе се одржат информативни сесии во просториите на договорниот орган. Сите заинтересирани потенцијални подносители кои сакаат да присуствуваат на информативните сесии треба да го изразат својот интерес со испраќање е-маил на следнава е-адреса: contact@youthempower.mk.

Прашања може да се испраќаат по е-пошта најдоцна 21 ден пред крајниот рок за поднесување на пријавите, на долунаведената адреса, со јасно наведен референтен број на повикот за поднесување предлози:

Адреса за е-пошта: contact@youthempower.mk

Договорниот орган има право да направи измени и/или да го поништи овој повик.

Договорниот орган нема обврска да дава појаснувања на прашањата добиени по овој датум. Одговорите ќе бидат доставени најдоцна 11 дена пред крајниот рок за поднесување на пријавите.

Прашањата кои можат да бидат од важност и за другите подносители ќе бидат објавени, заедно со одговорите, на веб-страницата на проектот на Договорниот орган, https://youthempower.mk .

**6. Евалуација и избор на предлог проектите**
Доставените предлог проекти ќе ги евалуира стручна комисија составена од преставници на релевантни институции и организации. Сите пријави ќе бидат оценувани според следните фази и критериуми:

**Фаза 1: Отворање и административна проверка**

При отворањето и административната проверка ќе се оценува следново:

- Дали е испочитуван рокот? Доколку не, предлог проект автоматски ќе биде одбиена.

- Дали предлог проектот ги задоволува сите критериуми наведени во списокот за проверка од образецот за аплицирање за грант? Ова вклучува и проценка на подобноста на акцијата и подносителот. Доколку некоја од бараните информации недостасува или е неточна, пријавата може да биде одбиена и **единствено** врз таа една основа истата нема да се оценува понатаму.

**Фаза 2: Евалуација на предлог проектите**

Доколку пријавите ги поминат отворањето и административните проверки според упатствата од Фаза 1: тие ќе се оценуваат понатаму во поглед на нивниот квалитет, вклучувајќи го и предложениот буџет и капацитетите на подносителите. Ќе бидат оценувани со помош на критериумите за оценување дадени во долната табела за бодување:

| **Дел** | **Максимален број бодови** |
|---|---|
| **1. Финансиски и оперативен капацитет** | **20** |
| 1.1 Дали подносителот, доколку е применливо, располага со доволно искуство за управување со проекти и акции? | 5 |
| 1.2 Дали подносителот, доколку е применливо, има доволно техничка експертиза? (особено познавања за прашањата на кои ќе се работи) | 5 |
| 1.3 Дали подносителот, доколку е применливо, има доволно капацитет за управување? (вклучувајќи и персонал, опрема и способност да управува со буџетот за предлог акцијата)? | 5 |
| 1.4 Дали подносителот има стабилни и доволни извори за финансирање? | 5 |
| **2. Релевантност** | **20** |
| 2.1 Колку е релевантна предлог акција за целите и приоритетите на повикот за финансиска поддршка и за конкретните теми/сектори/области или кој било друг конкретен услов наведен во насоките за подносителите? Дали очекуваните резултати од акција да се усогласени со приоритетите дефинирани во насоките за подносителите (Точка 1.2 и Точка 2.1.2)? | 5 |
| 2.2 Колку е релевантна предлог акција за конкретните потреби и ограничувања на целната земја, регион и/или релевантни сектори (вклучувајќи ја и синергијата со други развојни иницијативи и избегнувањето на дуплирање)? | 5 |
| 2.3 Колку јасно дефинирани и стратешки избрани се оние кои ќе бидат вклучени (крајните корисници, целните групи)? Дали нивните потреби и ограничувања се јасно дефинирани и дали предлог акцијата се бави со нив на соодветен начин? (дали е опфатено поттикнување на учеството на младите за подобрување на нивните вештини а воедно и млади со посебни потреби)? | 5 |

| | |
|---|---|
| 2.4 Дали акција содржи одредени елементи со додадена вредност (на пр. поттикнување на учеството на младите од социјални категории, поттикнување интерес за учество на натпревари во определени занаетчиски профили, итн.)? | 5 |
| **3. Дизајн (обмисленост) на предлог акција** | **15** |
| 3.1 Колку кохерентно е обмислена предлог акцијата? Дали се наведени очекуваните резултати што треба да се постигнат со предлог акцијата? Дали логиката на предлог акцијата го дава образложениeто за постигнување на очекуваните резултати? Дали предложените активности се соодветни, практични и конзистентни со предвидените резултати и влијание? | 5 |
| 3.2 Дали предлог акцијата и логиката на интервенција вклучува веродостојна основа, цели и извори на верификација? Ако не, дали е предвидена основна студија (и дали студијата е соодветно буџетирана во предлогот)? Дали се земени во предвид надворешните фактори (ризици и претпоставки)? | 5 |
| 3.3 Дали пријавата и предлог акцијата содржи анализа на опфатените проблеми и капацитети на релевантните чинители? | 5 |
| **4. Пристап кон спроведувањето** | **15** |
| 4.1 Дали е јасен и остварлив планот за спроведување на на предлог акцијата? Дали временската рамка е реалистична? | 5 |
| 4.2 Дали предлог акцијата вклучува ефективен и ефикасен систем за следење? Дали се предвидени и дефинирани главни (економски) индикатори за развој? | 5 |
| 4.3 Дали се задоволителни нивото на вклученост на подносителот и потенцијалната вклученост на секој од предвидените локални или други релевантни чинители, како и учеството во предлог акцијата? | 5 |
| **5. Одржливост на предлог акцијата** | **15** |
| 5.1 Дали е веројатно дека предлог акција ќе има видливо влијание врз своите целни групи? | 5 |
| 5.2 Дали е веројатно дека предлог акција ќе има ефекти на мултипликација, вклучително и реплицирање, проширување, капитализирање од искуството и споделување на знаењето? | 5 |
| 5.3 Дали очекуваните резултати од предложената акција се одржливи?: <br>- финансиски *(на пр. финансирање на последователни активности, извори на приходи за покривање на сите идни трошоци за работење и одржување)* | 5 |
| **6. Буџет и исплатливост на предлог акција** | **15** |
| 6.1 Дали активностите се соодветно прикажани/одразени во буџетот? | 5 |
| 6.2 Дали соодносот помеѓу проценетите трошоци и резултатите е задоволителен? | 10 |
| **Максимален вкупен збир на бодови** | **100** |

За време на процесот на евалуација, Договорниот орган може да организира теренски посети на подносителите заради собирање информации за фактичката состојба на терен. Оценувањето на подносителите ќе се врши врз основа на доставените документи за пријава.

Доколку при разгледувањето на пријавата се открие дека предложената акција не ги исполнува критериумите за подобност наведени во точка 2.1, предлог проект може да биде одбиена и само врз таа единствена основа.

**Фаза 3:Проверка на подобноста на подносителите**

Проверката на подобноста ќе се врши врз основа на пропратните документи што ги бара Договорниот орган, а ги доставува барателот. Стандардно, ќе се спроведува само за пријавите кои се избрани според нивното бодување и во рамките на расположливиот буџет за овој повик за финансиска поддршка.

Пакет документи за докажување подобноста на подносителот:

- Тековна состојба од Централен регистар за апликантот не постара од шест месеци;
- Уверение од управата за јавни приходи за платени даноци и придонеси не постара од 6 месеци;
- Статут на апликантот
- Кратки биографии за персоналот кој ќе биде вклучен во проектот;
- Годишен наративен извештај за работа за 2024 година;
- Годишна сметка поднесена во Централен регистер на РСМ за последната година. Апликантите кои немале обврска да поднесат годишна сметка согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации се должни при аплицирање да го достават „Известувањето“ кое го доставиле до ЦРРСМ со која известуваат дека вредноста на имотот или вредноста на годишниот приход е помала од 2.500 евра во денарска противвредност.

## 7. Известување за одлуката на договорниот орган

### 7.1 Содржина на одлуката

Со одлуката на Договорниот орган, подносителите се информираат за нивните пријави и, доколку биле одбиени, за причините за негативната одлука.

### 7.2 Индикативна временска рамка

| | ДАТУМ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| **1. Краен рок за поставување прашања до Договорниот орган** | 03.02.2025 г. | / |
| **2. Последен датум за давање одговори од страна на Договорниот орган** | 14.02.2025 г. | / |
| **3. Краен рок за доставување на образец до Договорниот орган** | **28.02.2025 г.** | **16.00 ч. (по локално време)** |
| **4. Известување за доделувањето** | Март 2025 г. | - |
| **5. Потпишување на договорите** | Март 2025 г. | - |

## 8. Прилози

### 8.1 Документи што треба да се достават за аплицирање

Прилог 1: Образец за предлог проект(во Word  формат)
Прилог 2: Образец за предлог буџет(во Excel формат)